# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 21 Септември 2012 година<br>Скопје<br>Бр.11 Год.VII |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. **Одлука за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2012“.................................................2**

2. **Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЗ Мирче Ацев-Блок 13 Општина Ѓорче Петров-Скопје ..........................................................................................................4**


**Септември 2012, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2012“**

Се објавува Одлуката за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2012“, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесетиседмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 14.09.2012 година.

**Број 08-2778/1**
**Од 17.09.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06), член 3 од Статуарната Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 6/2012) и член 16 став 1,2 и 3 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишни награди и признанија и одбележување на други празници (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров, бр. 6/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 57-мата седница одржана на ден 14.09.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на Годишна награда**
**„Ѓорче Петров 2012“**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров по повод празникот на општината „20 Септември“, доделува Годишна награда „Ѓорче Петров 2012“, на **ИЛЧО ЃОРЃИОСКИ** од Скопје, за особено постигнати резултати во областа на спортот со што даде посебен придонес во афирмирањето на Општина Ѓорче Петров во земјата и надвор од неа.

Наградата се состои од Плакета и паричен износ од 20.000,00 денари.

**Член 2**

Советот на Општина Ѓорче Петров, на останатите пријавени кандидати како талентирани, амбициозни и успешни кадри од Општина Ѓорче Петров, им доделува Пофалници и тоа на:

1. **АНДРЕЈ ИЛИЕВСКИ** од Скопје, Општина Ѓорче Петров, ученик во ОУ „Мирче Ацев“, за постигнати резултати во областа на математиката на општинско, републичко и меѓународно ниво и придонес во афирмирањето на Општина Ѓорче Петров;
2. **ФИЛИП ИЛИЕВСКИ**, од Скопје, Општина Ѓорче Петров, ученик во ОУ „Мирче Ацев„ за постигнати резултати во областа на заштита на животната средина и хемијата на општинско, републичко и меѓународно ниво и придонес во афирмирањето на Општина Ѓорче Петров;
3.**МИЛИВОЈЕ ЈАНКОВСКИ**, од Скопје, Општина Ѓорче Петров, за постигнат успех во областа на хуманоста-крводарителството на општинско, републичко и меѓународно ниво и придонес во афирмирањето на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-2703/3**
**од 14.09.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач**
**Политими Марковска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЗ Мирче Ацев-Блок 13 Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УЗ Мирче Ацев-Блок 13 Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесетиседмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 14.09.2012 година.

**Број 08-2778/2**
**Од 17.09.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# О Д Л У К А

## за донесување на Детален урбанистички план

## за УЗ Мирче Ацев - Блок 13

## Општина Ѓорче Петров-Скопје

**август, 2012 година**

**Скопје**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров" („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р. Македонија" број 51/05,137/07,91/09,124/10 и 18/11), Советот на Општина Ѓорче Петров на 57-мата седница одржана на 14.09.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план**
**за УЗ Мирче Ацев -Блок 13**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за УЗ Мирче Ацев-Блок 13, Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје"бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. Весник на Република Македонија" бр. 51/2005, 137/2007,91/09,124/10 и 18/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен Весник на Р.Македонија бр.142/10)

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се однесува Деталниот урбанистички план за УЗ Мирче Ацев-Блок 13, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 3,5 ха, со следни граници на опфат:

- на север:осовина на ул. "Ѓорче Петров"
- на југ: осовина на ул."Социјалистичка Зора"
- на исток:осовина на ул. "Мајски Манифест"
- на запад: осовина на ул."Мис Стон"

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план за УЗ Ѓорче Петров-Блок 13, Општина Ѓорче Петров е изработен од АД за урбанизам,архитектура и инженеринг "ЗУАС",Скопје со технички број 2345/11.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**

**I .ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

Вовед

1. Географско и геодетско одредување на планскиот опфат
2. Историјат на планирањето и уредувањето на планскиот опфат
3. Податоци за природните чинители
4. Податоци за создадените вредности
5. Инвентаризација на изграден градежен фонд
6. Инвентаризација и снимка на изградена комун. Инфраструктура
7. Инвентаризација и снимка на бесправни градби
8. Анализа на постојни плански документи
9. Оценка на можностите за просторен развој

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002 год. .............. 1:5000
2. Извод од ДУП од 2001 год....................................................... 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога................................................ 1:1000
4. Документациона основа

4.1.Инвентаризација и снимка на бесправна градба.................... 1:1000

4.2.Инвентаризација на градежен фонд -2006 год....................... 1:1000

4.3.Инвентаризација на комунална инфраструктура.............. 1:1000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

Вовед

1. Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
3. Извод од ГУП на Град Скопје
4. Планска Програма
5. Плански концепт
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба на наменска употреба на градежно земјиште парцелирано за изградба
7. Опис и образложение на планските решенија за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура
8. Нумерички податоци
9. Економско образложение
10. Мерки за заштита
11. Општи и посебни услови за изградба

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите.............. 1:1000

1.1.Регулационен план

1.2.План на површини за градење

2. Сообраќаен и нивелациски план ....................... 1:1000
3. Инфраструктурен план
3. Синтезен план .................................................. 1:1000

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 - 2703/4**
**Од 14.09.2012 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач**
**Политими Марковска c.p.**